7 IV 1989

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИС[ТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

4134 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 30 март 1989
Скопје
Број 12 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.500 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

144.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавното обвинителство,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 21 март 1989 година.

Бр. 08-1079/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 1

Во Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82 и 11/87, по член 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

„Член 38-а

Републичкиот секретар за правосудство и управа може јавен обвинител или заменик јавен обвинител по претходна согласност на собранието на општествено-политичката заедница што го именувала и со негова согласност како и мислење на јавниот обвинител на Македонија да го предложи за кандидат за именување за јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител на јавно обвинителство надвор од територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Средствата за разликата на личниот доход, за надоместок за одвоен живот од семејството, трошоците за сместување и трошоците за превоз на именуваниот јавен обвинител односно заменик јавен обвинител се обезбедуваат во буџетот на Републиката.

Износот на разликата на личниот доход и надоместокот од став 2 на овој член го пропишува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

145.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 21 март 1989 година.

Бр. 08-1077/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ“ број 33/76, 25/79, 11/81 и 4/85), во член 9 став 1 зборовите: „во претходната година“ се заменуваат со зборовите: „во претходното тримесечје“.

Во став 3 зборовите: „секоја година“ се бришат.

Член 2

Во член 9 став 3, член 14 став 2, член 20 став 2, член 24 став 2 и член 29 став 2 по зборовите: „комитет за“ се додава зборот „труд“.

Член 3

Во член 23 став 1 зборовите: „31 декември 1979 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 1989 година“.

Член 4

Во член 31 став 1 по броевите: „25/79“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по броевите: „11/81“ се додаваат зборовите. „и 4/85“.

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ да утврди пречистен текст на Законот за цивилните инвалиди од војната.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1989 година.

**146.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставките и предлозите,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 21 март 1989 година.

Бр. 08-1078/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ

Член 1

Во Законот за постапување по претставките и предлозите („Службен весник на СРМ" број 36/77) член 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредува постапувањето по претставките и предлозите (во натамошниот текст: претставки) што работните луѓе и граѓаните, организациите на здружениот труд, општествено-политичките организации, самоуправните интересни заедници, месните заедници, другите самоуправни организации и заедници, општествените организации и здруженијата на граѓаните (во натамошниот текст: подносители), ги поднесуваат до Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, републичките органи на управата и другите републички органи и организации, како и до собранијата на општините, Собранието на Град Скопје и нивните тела, органи и организации (во натамошниот текст: органи до кои се поднесуваат претставките).

Одредбите од овој закон се применуваат и во постапувањето по претставките што сојузните органи ги отстапуваат на соодветните органи или организации во Републиката.

Одредбите од овој закон се применуваат и во постапувањето по претставките што се поднесуваат до организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници, месните заедници и другите самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст: организации и заедници)".

Член 2

Член 2 се менува и гласи:

„Под претставки во смисла на овој закон се подразбираат молби, поплаки и други поднесоци со кои подносителите се обраќаат до органите, организациите и заедниците заради заштита и ефикасно остварување на општествениот интерес, своите права, обврски и интереси или заради поведување политичка или друга иницијатива од општ интерес".

Член 3

Во член 4 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Сите претставки се евидентираат според единствената номенклатура определена со општите прописи".

Член 4

Член 5 се менува и гласи:

„Постапувањето по претставките опфаќа: прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите од значење за правилно оценување на претставката, нивно непосредно испитување, анализирање и евидентирање на појавите и причините за нивното поднесување и преземање на потребните дејства и мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повредата на општествениот интерес".

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

„Органот до кој е поднесена претставката должен е да ја прими, што побрзо да ја земе во работа, да ја разгледа и да постапи во согласност со овој закон.

Кога органот до кој е поднесена претставката утврди дека со неа се покренуваат прашања од негова надлежност, презема мерки за нивно решавање, а ако за тоа е надлежен друг орган, организација или заедница (во натамошниот текст: надлежен орган), му ја отстапува претставката на надлежниот орган и за тоа го известува подносителот.

Кога претставката е поднесена до повеќе органи, организации и заедници, тие меѓусебно ги координираат активностите за проверка и анализа на наводите, а надлежниот орган за решавањето на претставката го известува подносителот за утврдената состојба.

Надлежниот орган е должен подносителот на претставката да го извести за постапувањето по претставката веднаш, за нејзината основаност и резултатите од преземените мерки во рок од 30 дена, а во сложените случаи во рок од 60 дена од приемот на претставката.

Кога надлежниот орган оцени дека е тоа потребно, при разгледувањето на претставката може да присуствува и подносителот".

Член 6

По член 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

Надлежниот орган кога постапува по претставките што се отстапени од сојузните органи, за резултатот од постапувањето ги известува тие органи во рокот определен со членот 6 став 4 во овој закон".

Член 7

Членот 9 се брише.

Член 8

Членот 10 се менува и гласи:

„Кога органот до кого е поднесена претставката ќе утврди дека претставката се однесува на правна работа по која не е започната постапка, го поучува подносителот дека може да покрене таква постапка.

Доколку органот утврди дека по прашањето наведено во претставката се води редовна постапка, претставката ја отстапува до надлежниот орган, за што го известува подносителот".

Член 9

По член 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

Кога претставката се однесува на прашање кое по повод претходната претставка на истиот подносител било предмет на разгледување кај надлежниот орган, повторната претставка по истата работа се

зема во постапување само ако во неа се изнесени нови факти или ако органот во текот на разгледувањето по претходната претставка ги немал предвид сите околности од значење за нејзина правилна оцена".

Член 10

По член 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

„Член 17-а

Кога надлежниот орган во текот на постапувањето ќе најде дека има основ за користење на правно средство или за преземање на дејства и мерки од страна на друг орган, му предлага на тој орган да ја разгледа нивната оправданост.

За резултатите од своите согледувања и преземените дејства органот е должен да го извести надлежниот орган во рокот определен со овој закон".

Член 11

Во член 20 став 1 се менува и гласи:

„Надлежните органи ги следат состојбите и појавите, ги анализираат причините и прашањата на кои се укажува во претставките, преземаат мерки во рамките на своите овластувања и ги информираат другите органи и самоуправните организации и заедници за состојбите и за проблемите во соодветната област и им даваат мислења и предлози за преземање мерки од нивна надлежност".

Член 12

Членот 24 се брише.

Член 13

Член 28 се менува и гласи:

„Со парична казна од 30.000 до 150.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или друга самоуправна организација и заедница:

1) кога на надлежниот орган во определениот рок нема да му достави или ќе му достави неточни податоци и објаснувања за прашањата на кои се однесува претставката, како и извештај за преземените мерки (член 12 став 1, членови 13 и 14), и

2) кога на надлежниот орган нема да му овозможи увид во актите, јавните книги и други списи и во евиденцијата, како и прибавување на известувања од работните луѓе (член 12 став 2).

За прекршок од став 1 точки 1 и 2 на овој член со парична казна од 10.000 до 50.000 динари ќе се казни одговорното лице за постапување по претставките во државен орган, организација на здружениот труд или друга самоуправна организација или заедница.

Барањето за поведување на прекршочна постапка за прекршок пропишан со овој закон поднесува и надлежниот орган или лице кое тој ќе го овласти".

Член 14

Во член 29 став 1 бројот „500" се заменува со бројот „10.000",а бројот „3.000" со бројот „50.000".

Став 2 се менува и гласи:

„Со казна од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и одговорно лице за постапување по претставките во организацијата на здружениот труд или во друга самоуправна организација или заедница, ако на подносителот на претставката не му одговори во рокот определен со член 6 став 4 на овој закон".

Член 15

По член 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

На одговорно лице за постапување по претставките казнето најмалку два пати за прекршок според членот 28 ставот 2 или член 29, може да му се изрече заштитна мерка забрана на вршење професија, дејност или работи и работни задачи во траење од 3 месеци до 1 година".

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**147.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Целосно се ослободи од натамошно извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Гаврилов Димитар Владо од Виница.

II

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 1 година на осуденото лице:

1. Тасев Јордан Стојан од Штип, во траење од 1 месец.

III

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 2 години на осудените лица:

1. Манчевски Димко Добре од Скопје, во траење од 3 месеци,
2. Целески Никодин Ацо од Охрид, во траење од 4 месеци,
3. Давчева Петар Ангелина од Скопје, во траење од 5 месеци,
4. Лазовски Стојан Милорад од Куманово, во траење од 6 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Илиев Атанас Васе од Струмица, во траење од 6 месеци,
2. Ашаданова Игно Надежда од Кавадарци, во траење од 9 месеци,
3. Гаврилов Димитар Ѓорѓи од Виница, во траење од 4 месеци.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-299
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**148.**

Врз основа на член 86 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ" бр. 17/88 — Пречистен текст) и член 67 од Деловникот на Претседателството на СР Македонија, Претседателството на СР Македонија, на седницата одржана на 17 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА И ЗА НИВНОТО ИМЕНУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување

(„Службен весник на СРМ“, бр. 19/86, 30/86, 41/87 и 16/88), во членот 3, став 2, точките 5 и 13 се менуваат и гласат:

„5. полковник Јордан Јорданов, претседател на Координациониот одбор на Републичката конференција на ССРНМ за општонародна одбрана, безбедност и општествена самозаштита“.

„13. генерал-мајор Теодор Троха, заменик на Командантот на Скопската армиска област“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 08-302
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански, с. р.**

**149.**

Врз основа на член 259, а во врска со член 260 став 1 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА ТРИТЕ СОБОРИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ПРАШАЊАТА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

1. Се формира заедничка комисија како повремено работно тело за проучување на прашањата и изработка на материјал за остварување на самоуправните права, обврски и одговорности на работниците во организациите на здружениот труд (во натамошниот текст: Комисија).

2. Согласно со Програмата за работа на соборите на Собранието на СРМ за 1989 година, Комисијата има за цел да ги проучи прашањата во врска со остварувањето на самоуправните права на работниците посебно од аспект на нивната вклученост и степенот на влијанието во одлучувањето за користењето, управувањето и располагањето со општествените средства, распределбата на доходот на ОЗТ и распределбата на средствата за лични доходи, влијанието врз развојната и кадровската политика и други прашања.

Врз основа на согледувањата, Комисијата да изготви и на соборите за декември 1989 година, да им поднесе посебен материјал — информација.

3. Во состав на Комисијата се избираат:

За претседател:

Славица Урошевиќ, делегат во СЗТ.

За членови:

1. Цветко Милошевски, делегат во СЗТ,
2. Слободанка Лазаревска, делегат во СЗТ,
3. Димитар Лазаревски, делегат во СО,
4. Бранислава Поповска, делегат во СО,
5. д-р Владо Стаменков, делегат во ОПС, и
6. Максим Ангелевски, делегат во ОПС.

Претставници на:

7. Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
8. Општествениот правобранител на самоуправувањето,
9. Сојузот на синдикатите на Македонија, и
10. Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1075/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**150.**

Врз основа на член 259, а во врска со член 260 став 1 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА ТРИТЕ СОБОРИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ПРАШАЊАТА ЗА ОДРАЗОТ НА ИЗМЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИОТ И СТОПАНСКИОТ СИСТЕМ ВРЗ НАТАМОШНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛЕГАТСКИОТ СИСТЕМ И РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ И СОБРАНИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ

1. Се формира заедничка комисија како повремено работно тело за проучување на прашањата и изработка на материјал за одразот на измените во политичкиот и стопанскиот систем врз натамошното функционирање на делегатскиот систем и работата на Собранието на СРМ и собранијата на општините (во натамошниот текст: Комисија).

2. Согласно со Програмата за работа на соборите на Собранието на СРМ за 1989 година, Комисијата има за задачи да ги проучи прашањата, да изврши согледување за тоа во кој степен измените што со Амандманите на Уставот на СРМ и стопанската реформа што се извршија во политичкиот и стопанскиот систем, се одразија врз натамошното функционирање на делегатскиот систем и работата на Собранието на СРМ и собранијата на општините и во тие рамки да предложи мерки и правци за преструјување и усогласување на содржината и методот на работата на собранијата.

Врз основа на согледувањата, Комисијата да изготви и на соборите до декември 1989 година да им поднесе Информација.

3. Во составот на Комисијата се избираат:

За претседател:

Драган Николовски, делегат во ОПС.

За членови:

1. Кирил Андоновски, делегат во СЗТ,
2. Менка Евнушева, делегат во СЗТ,
3. Стево Коруновски, делегат во СО,
4. Злата Камџијаш, делегат во СО, и
5. Предраг Кушевски, делегат во ОПС.

Претставници на:
6. Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, и
7. Сојузот на синдикатите на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1074
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**151.**

Врз основа на членовите 142 и 143 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и дел III од Одлуката за формирање на Комисија за општествен надзор („Службен весник на СРМ" број 51/88), Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници одржани на 21 март 1989 година, донесоа

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН НАДЗОР

За претседател и членови на Комисијата за општествен надзор се избираат:

а) За претседател:

Чедомир Стојковски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ.

б) За членови:

Живко Магдески, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Ѓорѓи Гајдов, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Иво Јуришиќ, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Васил Димевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Наум Јовановски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Вера Панова, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

м-р Ѓорѓи Узуновски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Томе Лисичков, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Глигор Пршкарски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Костадин Михајловски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Душан Апостолов, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Марица Ѓорѓиевска, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Русе Нелковски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Александар Јакимовски, делегат во СО на Собранието на СРМ.

Претставник од Јавното обвинителство на Македонија,

Претставник од Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето и

Претставник од СОК на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1102/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**152.**

Врз основа на членовите 142 и 143 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и дел III од Одлуката за формирање на Комисијата за внатрешна политика („Службен весник на СРМ" број 51/88), Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници одржани на 21 март 1989 година, донесоа

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВНАТРЕШНА ПОЛИТИКА

За претседател и членови на Комисијата за внатрешна политика се избираат:

а) За претседател:

Предраг Кушевски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ.

б) За членови:

Ристо Дамјановски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Таше Поп Ташев, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Видое Малинов, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Диме Мојсовски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Марика Крланска, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,

Сафет Хамза, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Илија Петров, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Костадин Поп Кочев, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Душко Сапунџиев, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Сокол Симовски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Босилка Бундевска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Ердован Етовски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Афрдита Мимидиновска, делегат во ОПС на Собранието на СРМ и

Зоран Илиевски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1103/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

---

**153.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1989 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1076
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**154.**

Врз основа на член 20 став 2 и член 71 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1988 ГОДИНА

1. Се потврдува Завршната сметка на Народната банка на Македонија за 1988 година, што ја донесе Советот на Народната банка на Македонија на седницата одржана на 28 февруари 1989 година.

2. Вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија за 1988 година во износ од 80.190.700.542 динари ќе се употреби за:

| | |
|---|---|
| 1) економско-финансиска консолидација и трајни обртни средства, во износ од | 48.100.000.000 дин. |
| 2) дополнителни средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, во износ од | 10.692.700.542 дин. |
| 3) учество на Републиката во финансирање на Програмата за пошумување на голините и за мелиорации и реконструкција на слабопродуктивните, нискостеблести и деградирани шуми и честаци, во износ од | 1.921.500.000 дин. |
| 4) учество на Републиката во финансирањето на Програмата за истражувачки работи во рударство, во износ од | 2.185.500.000 дин. |
| 5) финансирање на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството, во износ од | 3.300.000.000 дин. |
| 6) интервенции во општествените дејности, во износ од | 8.940.000.000 дин. |
| 7) намени од посебен општествен интерес според републички прописи и програми, во износ од | 2.056.000.000 дин. |
| 8) инвестиции во стопанство за учество во изградба на хидроенергетски објекти од приоритетен карактер, во износ од | 2.995.000.000 дин. |

3. Распоредот на средствата од точка 2 потточка 1) од оваа одлука по одделни организации на здружениот труд од областа на стопанството, како и на средствата од потточките 6, 7 и 8 по одделни намени ќе го врши Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, а пренесувањето ќе го врши Народната банка на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1073/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**155.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1989 година, што го донесе Советот на Народната банка на Македонија на седницата одржана на 28 февруари 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1072/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**156.**

Врз основа на член 25 алинеја 3 и член 54 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

За претседатели и членови на работните тела на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, се избираат:

I. ОДБОР ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ФИНАНСИИ

а) За претседател:
Александар Василевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ.
б) За членови:
Васил Димески, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Ѓоко Петковски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Крунослав Тодоровски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Лојза Ничевска, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Јордан Јанчевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Борис Маневски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Благој Ѕалев, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Јордан Ристевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Менка Евнушева, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Гоце Петревски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Трпко Ристовски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Хаириз Кицара, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Добри Митевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Никола Гицов, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Ице Петрески, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Сулејман Јакупи, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Алексо Кипровски, претставник од Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија и
Ѓорѓи Тасев, Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

II. ОДБОР ЗА СТОПАНСТВО

а) За претседател:
Цветко Милошевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ.
б) За членови:
Трајан Станковски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Симеон Апостоловски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Небојша Јанкуловски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Борис Рутевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Кузман Брезовски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Слободанка Лазаревска, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Ратко Јовановски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Дуца Јанкуловска, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Миле Костовски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Нада Минова, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Ѓорѓи Гајдов, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Ѓорѓи Кочовски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Кире Камчевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Благоја Вучевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Трајко Стојанов, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ,
Јован Савовски, директор на Меркур-импорт — Скопје, претставник од Стопанската комора на Македонија,
Дончо Стојановски, директор на ФАС „11 Октомври“, претставник од Стопанската комора на Македонија,
Борис Никодиновски, претставник од Сојузот на инженерите и техничарите на СРМ, и
Коце Каров, претставник од Автомото сојузот на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1104/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**157.**

Врз основа на член 62 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ „МИЛАНОВИЌ РАНКА“ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Собирот на работните луѓе на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Милановиќ Ранка“ — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:
Радица Николовска,
Исмет Рамадани, и
Светланчо Чоневски.

2. За претставници на општествената заедница во Собирот на работните луѓе на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Милановиќ Ранка“ — Скопје се именуваат:
Ѓулистана Јумеровска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
Добринка Цибрева, директор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи — Скопје, и
Светланчо Чоневски, виши инспектор за малолетна деликвенција при ГСВР — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1116/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**158.**

Врз основа на член 62 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН ВИД „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

доц. д-р Љубе Глигоровски,

Спиро Димитровски, и

Никола Чабуковски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје се именуваат:

Никола Чабуковски, директор на Центарот за професионална рехабилитација „Македонија“ — Скопје,

Душан Перески, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на ОУ „Дане Крапчев“ — Скопје, и

Јордан Јанчовски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, дипл. правник вработен во АТРО „Пролетер“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1117/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**159.**

Врз основа на член 62 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, поради истек на времето за кои се именувани:

Марица Чаловска — Анчевска,

Славе Поповски, и

Малинка Ристовска.

2. За претставници на општествената заедница во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности се именуваат:

Бранислава Величкова, член на Секретаријатот на Секцијата за социјална политика при РК на ССРНМ,

Аница Куцулова, секретар на Секторот за станбена и социјална политика на Сојузот на синдикатите на Македонија, и

Злата Камџијаш, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, вработена во РО за згрижување и воспитување „Раде Јовчевски — Корчагин“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1118/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**160.**

Врз основа на член 59 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот институт — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Томе Биновски,

Васил Димески, и

Лојза Ничевска.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот институт — Скопје, се именуваат:

Ефтим Цубалевски, директор на Сектор во Трготекстил — Скопје,

Вехбија Хоџиќ, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, финансов раководител во ИГМ „Скопје“ — Скопје, и

Петруш Гаврилов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во „Хнометал — Вардар“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1111/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**161.**

Врз основа на член 257 ставови 2 и 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО БИТОЛА

За членови на Комисијата за именување директор на Педагошката академија во Битола се именуваат:

Кирил Нанески, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, општински општествен правобранител на самоуправувањето — Прилеп, и

Томе Ѓореска, делегат во општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1121/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**162.**

Врз основа на член 164 став 4 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 44/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА — ОХРИД

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за ортопедија и трауматологија — Охрид, поради истек на времето за кое се именувани:

Дејан Блажевски,
Мирјана Димовска, и
д-р Љубен Доревски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за ортопедија и трауматологија — Охрид, се именуваат:

д-р Лилјана Груевска — Угриновска, директор на Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ,

д-р Кире Обедниковски, вработен во Медицинскиот центар во Битола, и

м-р Јонче Филиповски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на СОК — филијала — Охрид.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1115/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**163.**

Врз основа на член 164 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ — ДЕМИР ХИСАР

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар, поради истек на времето за кое се именувани:

Петар Бубаковски,
Флоре Масалковски, и
Кочо Прчковски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар се именуваат:

Василие Радевски, судија на Општинскиот суд — Битола,

д-р Ѓорѓи Чадловски, вработен во ОЗТ Клиника за нервни и душевни болести при Медицинскиот факултет — Скопје, и

Кочо Прчковски, извршен секретар во Општинскиот комитет на СКМ — Демир Хисар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1112/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**164.**

Врз основа на член 164 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 44/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Косара Кочкова,
Јулијана Едровска, и
Бранислава Поповска.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас — Скопје се именуваат:

Зорица Велковска, секретар на РО на Синдикатот на работниците од здравството и социјалната заштита,

Таше Поп Ташев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, заменик општински јавен обвинител — Скопје, и

Софија Стефановска, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на РО за згрижување и воспитување на деца од предшколска возраст „13 Ноември" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1114/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**165.**

Врз основа на член 164 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА БОЛНИЦАТА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА — ЈАСЕНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за белодробна туберкулоза Јасеново — Титов Велес, поради истек на времето за кое се именувани:

д-р Петар Гајдов,

Ангеле Михајловски, и

Каме Петров.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за белодробна туберкулоза — Јасеново — Титов Велес, се именуваат:

д-р Лилјана Вангелова, вработена во Медицинскиот центар во Титов Велес,

д-р Стефан Талески, вработен во Институтот за градни болести и туберкулоза на СРМ — Скопје, и

Вера Черепналковска, секретар на Секцијата за здравство на РК на ССРНМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1113/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**166.**

Врз основа на член 257 ставови 2 и 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ВИШАТА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА ВО БИТОЛА

За членови на Комисијата за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола се именуваат:

Димитар Јанкуловски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, општествено-политички работник во ОК на СКМ Битола, и

Мишко Василевски, член на Претседателството на СЗБ — Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1120/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**167.**

Врз основа на член 25 алинеја 3 и член 51, а согласно со член 129 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, Соборот на здружениот труд на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Се разрешува од должноста претседател на Одборот за општествено-политички систем на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ

Никола Огненовски поради престанок на делегатската функција.

2. За претседател на Одборот за општественополитички систем на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ се избира

Кирил Андоновски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1107/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**168.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/77, 3/87 и 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КИНОТЕКАТА НА СР МАКЕДОНИЈА

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Кинотеката на СР Македонија се именуваат:

Елисавета Пеливанова, советник во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, и

Русе Нелковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1119/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**169.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ВИШАТА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА ВО БИТОЛА

За претставници на општествената заедница во Советот на Вишата медицинска школа во Битола се именуваат:

д-р Љубен Доревски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, интернист во Медицинскиот центар — Ресен,

Тоде Ѓоревски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

д-р Љубиша Чичиќ, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во Медицинскиот центар во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1109/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**170.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за именување декан на Економскиот факултет — Скопје се именуваат:

Милан Хроват, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Сокол Симовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1110/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**171.**

Врз основа на член 27 алинеја 3 и член 49 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на СРМ, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседатели и членови на работните тела на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, се избираат:

I. ОДБОР ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ И РАЗВОЈ

а) За претседател

Јанчо Јанчевски, делегат во СО на Собранието на СРМ.

б) За членови:

м-р Јонче Филиповски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Петар Бубаковски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

м-р Јован Данчевски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Славе Павлески, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Јован Станојковски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Стојан Андреевски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Панде Поповски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Петар Ѓорѓиев, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Божидар Андоновски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Костадин Стамболиев, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Димитар Лазаревски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Ѓорѓи Атанасов, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Софија Стефановска, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Александар Јанушев, делегиран член — Прилеп,

д-р Благоја Наневски, вработен во Економски институт и

д-р Јован Аврамовски, претседател на Собранието на општина Битола (делегиран член од Заедницата на општините и градовите на Македонија).

II. ОДБОР ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ

а) За претседател:

д-р Стево Стровјановски, делегат во СО на Собранието на СРМ.

б) За членови:

Стеван Коруновски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Бранислава Поповска, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Злата Камџијаш, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Димитар Јанкуловски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Душан Перески, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Стојан Миланов, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Иван Бундалевски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

д-р Стојанчо Јанков, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Калри Елези, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Светолик Николов, делегат во СО на Собранието на СРМ,

д-р Трајче Ѓорѓиев, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Арсен Величковски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Благојче Ангеловски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Марика Ботева, претседател на Собранието на општина Гази Баба,

Зоге Груевски, претставник од Републичкиот одбор на месните заедници и

Мирјана Димева — Сланинка, вработена во Институт за социолошко-правни истражувања.

III. МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНА КОМИСИЈА

а) За претседател:

Благоја Николовски, делегат во СО на Собранието на СРМ.

б) За членови:

Боро Поповски, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Вехбија Хоџиќ, делегат во СО на Собранието на СРМ,

Лазар Димов, делегат во СО на Собранието на СРМ и

Трпе Алексовски, делегат во СО на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 32-1105/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р.

**172.**

Врз основа на член 24 алинеја 3 и член 46 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ, РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА, ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

За претседател и членови на Одборот за општествено-економски односи, развојна политика, финансирање и буџет на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, се избираат:

а) За претседател

Мемед Нурединоски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ.

б) За членови:

Максим Ангелески, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Часлав Ивановски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Фахри Ислами, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Илија Јанчев, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Васил Кузмановски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Илкер Мустафа, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

д-р Владо Стаменков, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Томислав Папеш, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Ратка Постолова, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Благој Фенов, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Михаил Манасков, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

Ристо Димовски, делегат во ОПС на Собранието на СРМ,

д-р Методија Стојков, директор на Марксистичкиот центар Мито Хаџи Василев — Јасмин,

Томе Неновски, директор на сектор на Народната банка на Македонија, и

Војо Пејовски, заменик на генералниот директор во ЕМО Охрид.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 37-1106/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**173.**

Врз основа на член 24 алинеја 3 и член 46, а согласно со член 118 од Деловникот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 21 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Се разрешува од должност член на Мандатно-имунитетната комисија на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ

Татјана Митревска, поради престанок на делегатската функција.

2. За член на Мандатно-имунитетната комисија на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ се избира

Зоран Илиевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 37-1108/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**174.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари и 21 март 1989 година, расправајќи за актуелната општествено-економска и безбедносна состојба во Републиката, а имајќи ги предвид мислењата, предлозите и забелешките по материјалот, како и вкупните состојби во Републиката и во Југославија, ги донесе следниве

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Тргнувајќи од определбите на работните луѓе, граѓаните и младината, Собранието на СРМ, им дава целосна поддршка на ставовите и мерките на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на Собранието на СФРЈ, на Претседателството на ЦК на СКЈ и на другите општествено-политички и државни органи на Федерацијата, за надминување на најновите контрареволуционерни настани во Косово и сè поизразените конфронтации и недоверби врз национална основа кои доведоа до загрозување на безбедноста, интегритетот на земјата и поредокот утврден со Уставот.

2. Собранието на СРМ оценува дека оваа состојба оправдано ја зголеми загриженоста на работните луѓе и граѓаните во Социјалистичка Република Македонија, за судбината на Југославија како федеративна социјалистичка самоуправна заедница на рамноправни народи и народности заснована врз принципите на Второто заседание на АВНОЈ. И при овој повод Собранието на СРМ истакнува дека Авнојска Титова Југославија е единствена алтернатива за Социјалистичка Република Македонија, како и за просперитетот на сите народи и народности во Југославија.

Тргнувајќи од овие определби, како и досега, Социјалистичка Република Македонија решително ќе го дава својот придонес за зацврстување и негување на придобивките од Социјалистичката револуција, за одбраната на југословенското заедништво и за натамошно јакнење на братството и единството врз заедничките интереси на сите народи и народности во Југославија.

За надминување на неповолните состојби во САП Косово кои се југословенски проблем, Социјалистичка Република Македонија во содејство со другите социјалистички републики и социјалистички автономни

покраини и со надлежните органи на Федерацијата ќе продолжи одговорно и доследно да ги извршува задачите од програмите на мерки и активности за запирање на иселувањето на Србите и Црногорците од Косово, побрзо враќање на оние кои го напуштиле и доаѓање на сите оние кои сакаат да работат и живеат на Косово.

3. Собранието на СРМ оценува дека вкупната општествено-политичка и безбедносна состојба во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се одразува и врз состојбата во Републиката, а особено негативно влијание имаат состојбите во економската и социјалната сфера. Падот на животниот стандард и ниските лични доходи придонесуваат за незадоволство на работниците и граѓаните што се манифестира преку честите прекини на работа и други форми на изразување на незадоволството.

4. Собранието оценува дека состојбата во СРМ е оптоварена и со зголемено присуство на антисамоуправно и антисоцијалистичко дејствување, а во одделни подрачја е уште поизострена со континуираното и перфидно дејствување на непријателските сили од позиции на албанскиот национализам и сепаратизам, како и со влијанието на исламскиот фундаментализам и други слични влијанија. Сето тоа влијае на дестабилизирањето на општеството, отежнување на напорите за излез од кризата и на создавањето атмосфера на несигурност и недоверба во институциите на општествено-политичкиот систем и перспективата за надминување на општествената криза.

5. Собранието истакнува дека е неопходно сите организирани социјалистички сили да преземат најенергични мерки за решавање на прашањата и проблемите што ја оптоваруваат општествено-економската и политичко-безбедносната состојба во Републиката и во земјата во целина.

Со оглед дека измените на Уставот на СФРЈ и претстојните измени на Уставот на СРМ се основа за спроведување на реформата во стопанскиот и политичкиот систем, потребно е собранијата на општествено-политичките заедници и извршните органи, својата активност веднаш да ја насочат кон изнаоѓање и предлагање на правците и во рамките на тоа преземање на мерки и активности за излегување од општествената и економската криза.

Во таа смисла, треба да се забрзаат сите активности за навремено донесување на законите и другите акти кои значат остварување на реформските зафати.

Исто така, треба да продолжат активностите за доследно спроведување на донесените акти во врска со сузбивањето на непријателското дејствување од позиции на албанскиот национализам и сепаратизам, популационата политика, одговорноста, остварувањето на правосудната функција во системот на социјалистичките самоуправни односи, како и на планските документи.

6. Заради спречување на честите прекини на работа и стихијното и под притисок решавање на барањата на работниците, Собранието оценува дека е потребно сите организирани социјалистички сили во организациите на здружениот труд и во другите средини да дејствуваат и да создаваат услови за остварување на непосредните интереси на работничката класа и за решавање на противречностите и проблемите на општествено-економскиот развој низ легалните институции на политичкиот систем. Во таа смисла потребни се почести непосредни контакти и разговори на раководните структури со работниците, како и поцелосно, објективно и навремено информирање на работниците за реализација на планираната политика и за вкупните состојби во нивните животни и работни средини.

7. Собранието оценува дека е неопходно да се подигне, пред се, степенот на работната и политичката одговорност на сите државни и самоуправни органи и на носителите на самоуправни, јавни и другги општествени функции, да се извршат кадровски промени во оние средини каде што се пројавени слабости и неправилности во работењето со цел на раководни места да се избираат лица кои со својата стручност и организациона способност ќе придонесат за доследно спроведување на реформските зафати.

8. Собранието истакнува дека донесените мерки од Програмата на Извршниот совет за економската политика во 1989 година треба постојано да се доградуваат во насока на натамошно поттикнување на производството и зголемување на извозот, растоварување на стопанството и негова консолидација, зголемување на мотивацијата на работните луѓе и врз таа основа создавање можности за нормални услови за живот и работа, а со програмите на социјалната политика обезбедување на неопходната социјална сигурност.

Во таа насока Собранието ги задолжува Извршниот совет на Собранието на СРМ и републичките органи на управата и им препорачува на општините и организациите на здружениот труд, во рамките на своите надлежности, во што пократок рок да предлагаат и преземаат ефикасни решенија за ангажирање на сите субјекти, за што поскоро решавање на присутните проблеми и надминување на негативниот одраз во сите сфери на општествениот живот. Истовремено потребно е овие субјекти посебно да се ангажираат за доследно спроведување на Програмата за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во 1989 година.

9. Собранието смета дека особено е значајно Извршниот совет и надлежните органи и организации и другите самоуправни организации во утврдените рокови да ги реализираат донесените мерки за надминување на неповолните општествено-политички и безбедносни состојби, како и да преземаат дополнителни мерки за економско-финансиската консолидација на стопанството и банките во Републиката за побрзо надминување на негативните состојби и создавање услови за натамошен развој, особено во општините во кои проблемите поизострено се манифестираат (Прилеп, Кавадарци, Кичево, Скопје, Битола, Струга и Берово) во што самоуправните органи, раководниот кадар и сите вработени во ОЗТ и во соработка со банките имаат најзначајна и првостепена задача.

Притоа неопходно е да се преземат мерки за запирање на натамошното влошување на положбата на стопанството во општествената распределба на доходот, особено поради зголемувањето на општата и заедничката потрошувачка и зголемувањето на издвојувањето по основ на каматите. Во таа смисла, Собранието смета дека е неопходно во општествено-политичките заедници на сите нивоа да се обезбеди доследно остварување на мерките за растоварување на стопанството, рационализацијата во органите на управата, самоуправните интересни заедници, општествените дејности и режијата во ОЗТ и за нивното неизвршување да се бара конкретна одговорност.

10. Исто така, Собранието смета дека е потребно да се извршат натамошни промени во распределбата на доходот во насока личните доходи да претставуваат основен мотивирачки фактор во работењето и неопходен услов за зголемување на производството и извозот, а врз таа основа да се надминува нивото на заостанување на СРМ во однос на просекот на СФРЈ. Истовремено потребно е со преструктуирање на производството и зголемување на доходовноста да се обезбеди постојан реален пораст на средствата за акумулација на здружениот труд како основа за негов натамошен развој.

Собранието истакнува дека организациите на здружениот труд и другите субјекти треба да ги преземаат сите мерки за рационално работење, зголемување на финансиската дисциплина во должнич-

ко-доверителските односи, подобрување на користењето на капацитетите и рентабилност на управувањето со финансиските средства.

11. Собранието оценува дека е потребно критичко преиспитување на одредени мерки од донесената Програма за вработување, како и на ефектите од заемот за вработување и другите преземени мерки во оваа област. Во таа смисла потребно е надлежните субјекти на сите нивоа од општина до Републиката да ги согледаат причините за нецелосното остварување на донесените мерки и активности и во најкус временски период да понудат решенија со што ќе се овозможи остварување на определбите за зголемување на продуктивното вработување во Републиката.

12. Имајќи ја предвид сложената економско-финансиска состојба во агроиндустрискиот комплекс, Собранието укажува на потребата од обезбедување на стабилни и долгорочни услови на стопанисување на оваа област. Во таа смисла Собранието го задолжува Извршниот совет во соработка со ЗЗПК „Македонија" и другите надлежни органи и организации да ги преземат сите неопходни мерки кои ќе обезбедат пораст на земјоделското производство и негово претструктуирање, обезбедување услови за развој на ридско-планинските подрачја, поголемо искористување на хидромелиоративните системи, отстранување на неповолните услови во кредитирањето и др. Собранието на СРМ смета дека од особено значење е да се преземат мерки од страна на ЗЗПК „Македонија" за критичко преиспитување на организационата поставеност на агрокомплексот во Републиката за што треба во најкус можен рок да го извести Собранието на СРМ.

13. Со оглед на исклучително тешката состојба во областа на градежништвото и проектантската дејност, Собранието го задолжува Извршниот совет на Собранието на СРМ да предложи и преземе најконкретни мерки за што поскоро надминување на состојбите во рамките на веќе донесените заклучоци на Собранието на СРМ за оваа област и за ова да го информира Собранието на СРМ во најкраток можен рок.

14. Со оглед на тежината на општествено-економската состојба во Републиката, Собранието на СРМ го задолжува Извршниот совет на Собранието на СРМ постојано да го следи остварувањето на утврдената политика и во рамките на таа политика навреме да ги презема мерките од своја надлежност, да ги согледа и оцени ефектите од досега преземените мерки и да му предлага соодветни активности и мерки на Собранието на СРМ од негова надлежност.

Истовремено Собранието го задолжува Извршниот совет да продолжи со предлагање и преземање и на други мерки за натамошна дерегулација на стопанските текови и за приспособување на функциите на државната управа и методот на работењето според потребите на стопанството.

15. Собранието на СРМ ќе ја јакне сопствената одговорност во вршењето на политичката контрола и општествениот надзор врз работата на државните органи и самоуправните органи и организации и ќе создава услови за јакнење на уставноста и законитоста и продлабочување на содржините и формите на социјалистичката самоуправна демократија.

16. Собранието на СРМ во наредниот период на своите седници ќе расправа по прашањето за општествено-економската и безбедносна состојба во Републиката.

Се задолжува Извршниот совет на Собранието на СРМ двапати годишно да го известува Собранието на СРМ за овие состојби, врз основа на што Собранието ќе ги следи и ќе презема конкретни активности за доследна реализација на овие заклучоци.

17. Собранието им препорачува на собранијата на општините и на град Скопје да ги следат состојбите во своите средини, да расправаат по нив и да преземаат конкретни мерки за спроведување на овие заклучоци.

18. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1080/1
21 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**175.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 43/87, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

1. Од посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард се издвојува износ од 1.690.962.000 динари за заштита на корисниците на основните права на социјалната заштита.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-676/1
17 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**176.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 43/87, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година, распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 960.100.040 динари се користи за остварување на социјално-заштитните права.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-676/2
17 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**177.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", број 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1989 година во Раздел 65, позиција 581 за учество на Републиката за обезбедување на вода за пиење на населението, се распоредува износ од 4.000.000.000 динари и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| — Општина Берово | 400.000.000 | динари |
| — Општина Валандово | 250.000.000 | „ |
| — Општина Гевгелија | 400.000.000 | „ |
| — Општина Гостивар | 350.000.000 | „ |
| — Општина Делчево | 250.000.000 | „ |
| — Општина Д. Хисар | 500.000.000 | „ |
| — Општина Куманово | 450.000.000 | „ |
| — Општина Тетово | 450.000.000 | „ |
| — Општина Т. Велес | 500.000.000 | „ |
| — Изработка на главен проект за ХС „Злетовица" | 450.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина до 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат без обврска за враќање, а сразмерно на учеството на општината.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договори со општините.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-786/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

РЕПУБЛИЧКИ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

**178.**

Врз основа на член 16 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" бр. 48/74) и член 2 став 3 од Законот за задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/86 и 20/88), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕФИНИТИВНИОТ ГОДИШЕН ИЗНОС НА СРЕДСТВА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ НА СТОПАНСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Дефинитивниот годишен износ на средства од Задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година за 1987 година се утврдува на 8.528,8 мил. динари.

Член 2

Средствата од претходниот член на оваа одлука ќе се обезбедат со уплатување на задолжителен заем од страна на организациите на здружен труд во Републиката по стапките со т. 1 од Одлуката за утврдување на стапките по кои обврзниците го плаќаат задолжителниот заем за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, во периодот од 1986 до 1990 година во 1988 година.

Издавањето на обврзници за уплатените средства според оваа одлука, како и пресметувањето на каматата и рокот за враќање ќе се врши според одредбите на член 6 од Законот за задолжителен заем.

Член 3

Средствата што ќе се остварат според оваа одлука преставуваат постојани средства на Републичкиот фонд и ќе се употребат како учество во кредитирањето на инвестиционите зафати во стопанството на недоволно развиените краишта.

Член 4

Кредитните средства од претходниот член ќе им се одобруваат на организациите на здружен труд на инвестиционите зафати во стопански недоволно развиените краишта, според условите утврдени во Одлуката за поблиските услови за давање кредити и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд што ќе се формираат на кредитна основа во периодот од 1986 до 1990 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 03-186/1
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
**Дургут Едиповски**, с. р.

**179.**

Врз основа на член 16 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" бр. 48/74) и член 5-а став 2 од Законот за задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/86 и 20/88), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА АКОНТАЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ НА СТОПАНСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1988 ГОДИНА

Член 1

Валоризираната аконтација на Задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански

недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година за 1988 година се утврдува на износ од 24.280,9 мил. динари.

Член 2

Средствата од претходниот член на оваа одлука ќе се обезбедат со уплатување на задолжителниот заем од страна на организациите на здружен труд во Републиката по стапките утврдени со т. 1 од Одлуката за утврдување на стапките по кои обврзниците го плаќаат задолжителниот заем на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година во 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 21/88).

Издавањето на обврзници за уплатените средства оваа одлука, како и пресметувањето на каматата за враќање ќе се вршат според одредбите на член 6 од Законот за задолжителниот заем.

Член 3

Средствата што ќе се остварат според оваа одлука претставуваат постојани средства на Републичкиот фонд и ќе се употребат како учество во кредитирањето на инвестиционите зафати во стопанството на недоволно развиените краишта.

Член 4

Кредитните средства од претходниот член ќе им се одобруваат на организациите на здружен труд — носители на инвестиционите зафати во стопански недоволно развиените краишта, според условите утврдени во Одлуката за поблиските услови за давање кредити и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд што ќе се формираат на кредитна основа во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 26/86 и 41/86).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 03-186/2
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
**Дургут Едиповски,** с. р.

**180.**

Врз основа на член 16 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ бр. 48/74) и член 5-а став 1 од Законот за задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 7/86 и 20/88), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АКОНТАЦИЈАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ НА СТОПАНСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Аконтацијата на Задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година (во натамошниот текст: Републички фонд) за 1989 година се утврдува во износ од 57.698.600.000 динари.

Член 2

Средствата од претходниот член на оваа одлука ќе се обезбедат со уплатување на задолжителен заем од страна на организациите на здружен труд во Републиката по стапките утврдени со член 4 од Законот за задолжителен заем.

Издавањето на обврзници за уплатените средства според оваа одлука, како и пресметувањето на каматата и роковите за враќање ќе се врши според одредбите на член 6 од Законот за задолжителниот заем.

Член 3

Средствата што ќе се остварат според оваа одлука претставуваат постојани средства на Републичкиот фонд и ќе се употребат како учество во кредитирањето на инвестиционите зафати во стопанството на недоволно развиените краишта.

Член 4

Кредитните средства од претходниот член ќе им се одобруваат на организациите на здружен труд — носители на инвестиционите зафати во стопански недоволно развиените краишта, според условите утврдени во Одлуката за поблиските услови за давање кредити и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд што ќе се формираат на кредитна основа во периодот од 1986 до 1990 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-186/3
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
**Дургут Едиповски,** с. р.

**181.**

Врз основа на член 6 и 16 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ бр. 48/74), член 2 алинеја 2 и член 3 од Одлуката за обемот, namените и начинот на користење на дел од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружен труд во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 3/89), а во врска со Т. II. 1. (2) од Финансискиот план за Фондот за 1989 година, Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБЕМОТ, НАМЕНИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАЈНИ ИЗВОРИ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта (во натамошниот текст: Републички фонд) утврдени со Финансискиот план на Фондот за 1989 година кои се формираат по пат на издвојување на 20% од приливот на средствата на Фондот на федерацијата што Републиката го остварува по основ на задолжителен заем се обезбедуваат:

— динари: 13.500.000.000, за одобрување на кредити за трајни обртни средства на организациите на здружен труд од стопански недоволно развиените краишта.

Член 2

Средствата од претходниот член се одобруваат на организациите на здружен труд диференцирано според намените и приоритетите утврдени во член 14 од Општествениот договор за побрз развој на стопански недоволно развиените краишта за периодот од 1986 до 1990[1]) година во согласност и со условите утврдени со Одлуката за обемот, намените и начинот на користење на дел од средствата на Фондот на федерацијата за обезбедување на трајни извори на обртни средства на организациите на здружен труд во 1989 година и рамковните проценти по општини утврдени во Одлуката за определување на рамковни средства по општини од Републичкиот фонд што ќе се насочат за кредитирање на стопанството во недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година.[1])

Со оваа одлука се обезбедуваат средства и за:

— програмите на организациите на здружен труд од малото стопанство од производните дејности, особено на тие кои обезбедуваат зголемување на бројот на вработените;

— програмите на организациите на здружен труд за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди во стопански недоволно развиените краишта;

— програмите на организациите на здружен труд кои како дисперзирани зафати се реализирани во стопански недоволно развиените краишта и за

— програмите на организациите на здружен труд кои работат и за кои се води постапка за конституирање како организациони единици во состав на покрупните организации на здружен труд од Републиката.

Член 3

Банките ќе одобруваат кредити од средствата на Републичкиот фонд за трајни обртни средства, доколку тие на организациите на здружен труд едновремено им обезбедат кредити од своите долгорочни средства што ќе ги следат пласманите од Републичкиот фонд, а најмалку 25% од износот на кредитот што ќе го одобрат од средствата на Републичкиот фонд.

Член 4

При одобрување на кредити за трајни обртни средства ќе се потпомагаат организациите на здружен труд кои ги исполнуваат следните услови и критериуми:

— организации на здружен труд кои имаат повеќе сменско работење и натпросечно користење на капацитетите,

— извозно ориентирани организации на здружен труд,

— организации на здружен труд кои обезбедуваат зголемување на производството кое позначајно придонесува за обезбедување стоковни фондови за извоз и на извозот, како и на производството на храна,

— организации на здружен труд кои обезбедуваат зголемување на продуктивното вработување, особено со воведување повеќе смени, скратување на работно време и сл.,

— организации на здружен труд кои обезбедуваат зголемување на производството и на реалниот доход по вработен и по ангажирани средства,

— организации на здружен труд кои обезбедуваат повисок коефициент на вртење на обртни средства,

— организации на здружен труд кои се занимаваат со сточарско производство,

— организации на здружен труд кои имаат изразит недостиг на трајни обртни средства споредено со степенот на обезбеденост со обртни средства во гранката — групацијата.

Член 5

Висината на кредитите од средствата на Републичкиот фонд ќе може да изнесува до 50% од необезбедените обртни средства од трајни и долгорочни извори на постојните производни капацитети, како и за потребните обртни средства за новите инвестициони програми.

Член 6

Кредитите за трајни обртни средства ќе им се одобруваат на крајните корисници по пат на оглас односно конкурс што ќе го објави и спроведе овластената банка Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, а според критериумите и условите утврдени во член 4 на оваа одлука.

Објавувањето и спроведувањето на огласот односно конкурсот од претходниот став ќе се изврши едновремено и во истите рокови во кои ќе се одобрат кредитите за трајни обртни средства од Фондот на Федерацијата.

При определувањето на крајните корисници на кредитите од оваа одлука Стопанска банка — Здружена банка непосредно ќе соработува со Републичкиот фонд.

Член 7

Кредитите за трајни обртни средства ќе се одобрат на крајните корисници според условите со Одлуката за поблиските услови за давање кредити и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд за периодот од 1986 до 1990 година.

Член 8

За да се обезбеди ефективно зголемување на трајните обртни средства на организациите на здружен труд, основните банки преку кои се пласираат средствата од оваа одлука не ќе можат да ги употребат за наплата на достасаните обврски, освен за обврските спрема Републичкиот фонд, како ни за зголемување на залихи на готови производи и стоки.

Организациите на здружен труд — корисници на средствата според оваа одлука не можат да ги употребат за покривање на загубите и другите дефицити.

Организациите на здружен труд на кои им се обезбедуваат трајни обртни средства од трајни и долгорочни извори не се ослободуваат од обврската за издвојување на сопствени средства за обезбедување на потребниот обем и структура на изворите за трајни обртни средства согласно со постојните прописи.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 03-186/4
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
**Дургут Едиповски**, с. р.

**182.**

Врз основа на член 11 и 16 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" бр. 48/74), Управниот одбор на Фондот, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ИНФРАСТРУКТУРНИ И ДРУГИ УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта (во натамошниот текст: Ре-

[1]) „Службен весник на СРМ" бр. 24/86.

публички фонд) што се формираат од делот на вишоците на приходите на Народната банка на Македонија во 1989 година ќе се употребат вкупно 10.890,0 мил. динари, како учество во создавањето на стопанската инфраструктура како и за адаптација на објекти за изградба на нови дисперзирани капацитети; за создавање на инфраструктурни услови во селските населби вон центрите на општините; за помагање во разрешување на водоснабдувањето на општините што ќе се определат со оваа одлука; за стручно оспособување и преквалификација на невработените лица; за стимулирање на личните доходи на високостручните кадри во помалите и помалку развиените општини, како и за откуп на прединвестициони и инвестициони програми за развој на малото стопанство.

Овие средства ќе се доделуваат на корисниците неповратно.

Член 2

За помагање во создавањето на стопанската инфраструктура потребна за изградба и работа на новите зафати кои во стопански недоволно развиените краишта ќе ги подигаат организациите на здружен труд од другите делови на Републиката и на производните погони што ќе се подигаат вон центрите на општините се определуваат 1.800,0 мил. динари.

Средствата од претходниот став со свои одлуки ќе ги одобрува Управниот одбор на Фондот на организациите на здружен труд — носители на развојот врз основа на нивни барања.

Учеството на средствата од Републичкиот фонд ќе може да изнесува до 60%, а по исклучок за помалку развиените општини Македонски Брод, Демир Хисар и Крива Паланка до 70% од вкупната вредност на инфраструктурните зафати.

Член 3

Со средствата на Републичкиот фонд во висина од 4.600,0 мил. динари ќе се потпомага создавањето на инфраструктурни услови за живот и работа на работните луѓе во селските населби во стопански недоволно развиените краишта како што се: изградба на училишен простор за основно образование, модернизација и реконструкција на локални патишта, рударски истраги, реконструкција на електрична мрежа, изградба на водоводи и за поврзување со ПТТ врски на селските населби.

Член 4

Распределбата на средствата од претходниот член по општини се врши диференцирано во зависност од достигнатиот степен на стопански развиток и бројот на жителите во поодделните општини.

Со примена на критериумите од претходниот став средствата по општини се распределуваат во следните износи:

— во мил. динари

| | |
|---|---|
| Вкупно: | 4.600,0 |
| Берово | 180,0 |
| Брод Македонски | 320,0 |
| Виница | 250,0 |
| Гостивар | 535,0 |
| Дебар | 320,0 |
| Демир Хисар | 320,0 |
| Кичево | 405,0 |
| Кратово | 180,0 |
| Крива Паланка | 340,0 |
| Крушево | 320,0 |
| Радовиш | 180,0 |
| Ресен | 180,0 |
| Струга | 405,0 |
| Тетово | 665,0 |

Член 5

Собранијата на општините со посебни одлуки ќе ги утврдат непосредните корисници на средствата за нестопанската инфраструктура во согласност со намените утврдени во член 3 од оваа одлука.

Средствата од овој член ќе можат да се користат како учество во висина до 60% од вредноста од инфраструктурните зафати. По исклучок, за вложувањата во општините Македонски Брод, Демир Хисар и Крива Паланка и во пограничните населби во останатите недоволно развиените општини, учеството на средствата од Републичкиот фонд може да изнесува до 70%.

Член 6

За потпомагањето во обезбедувањето со вода во општините каде овој проблем е поизразен и е во фаза на разрешување се обезбедуваат средства во вкупен износ од 990,0 мил. динари, која се распределува по општини во следните износи:

— во мил. динари

| | |
|---|---|
| Вкупно: | 990,0 |
| Маврово | 90,0 |
| Берово | 200,0 |
| Демир Хисар | 200,0 |
| Ресен | 200,0 |
| Центар Жупа | 150,0 |
| Виница | 150,0 |

Средствата од претходниот став се одобруваат бесповратно и ќе послужат како учество на Републичкиот фонд за изградбата на водоводите.

Член 7

За стручно оспособување или преквалификација заради вработување на невработените лица од недоволно развиените краишта, се обезбедуваат 180,0 мил. динари како дополнителни средства за учество на организациите на здружен труд.

Поблиските услови за користење на средствата од претходниот став ќе се утврдат со договор за условите и постапката во користењето на овие средства што ќе го склучат Републичкиот фонд и Републичката самоуправна интересна заедница на вработувањето преку која се реализира Програмата за стручно оспособување и преквалификација.

Член 8

За откуп на прединвестициони и инвестициони програми за развој на малото стопанство во стопански недоволно развиените краишта се обезбедуваат 2.800,0 мил. динари. Со посебни одлуки на Управниот одбор на Фондот ќе се обезбедуваат средства на име учество од Републичкиот фонд во откупот на програмите.

Член 9

За поттикнување на вработувањето на високо стручни и дефицитарни кадри во помалите и помалку развиените општини се обезбедуваат 520,0 мил. динари како учество на Републичкиот фонд за стимулирање на личните доходи на овие кадри.

Користењето на овие средства ќе се регулира со Општествен договор кој за оваа цел ќе се склучи во Републиката.

Член 10

Користењето на средствата од Републичкиот фонд за намените утврдени во член 2, 3 и 6 од оваа одлука ќе се врши преку основните банки на Стопанска банка — Здружена банка Скопје каде се остваруваат редовните буџетски средства на општините.

Овластената Стопанска банка — Здружена банка — Скопје преку која се остваруваат и користат средствата на Републичкиот фонд ќе ги врши финансиските работи и ќе се грижи за наменската употреба на средствата и за тоа ќе го известува Републичкиот фонд.

Ако средствата се користат наменски и не се обезбедува сразмерното учество од другите извори, Стопанската банка — Здружена банка Скопје ќе го извести Републичкиот фонд за преземање на соодветни мерки.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 03-186/5
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор на Фондот,
Дургут Едиповски, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**122.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од личен доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање — индивидуални земјоделци и осигурениците во доброволното пензиско и инвалидско осигурување (брачниот другар и другите членови на домаќинството на индивидуалниот земјоделец, брачниот другар и другите членови на домаќинството на сопственикот на земјоделско земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање, како и лицата кои се занимаваат со земјиште земено под закуп, со сточарство или со пчеларство на кои вршењето на дејноста им е единствено занимање) се утврдува на 15 насто.

Член 2

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволното пензиско и инвалидско осигурување се врши на основиците на осигурување за 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-612/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
Олгица Богатиновска, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — КАВАДАРЦИ

**123.**

Врз основа на член 20 од Законот за СИЗ на културата, членовите 22 и 23 од Статутот на ОСИЗ на културата Кавадарци, и основите на политиката за финансирање на општите општествени и заедничките потреби во општината Кавадарци во 1989 година, Собранието на ОСИЗ на културата на седницата одржана на 17 март 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КУЛТУРАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Сите ОЗТ од областа на стопанството, за финансирање, развој на културата во 1989 година, ќе плаќаат придонес од доход, по стапка од 0,40%.

Член 2

Целосно се ослободуваат од плаќање придонес од доход за култура ООЗТ „Сопотско поле" и ООЗТ „Доно Попов" при АК „Тиквеш" — Кавадарци.

Член 3

Сите корисници на општествени средства кои не подлежат на формирање на доход, како и работни единици, продавници и претставништва со седиште надвор од општината, ќе плаќаат придонес за бруто личен доход, по стапка од 2,60%.

Организациите од областа на образованието и воспитувањето, згрижувањето на децата, органите на управата и организациите што се финансираат од буџетот, ќе плаќаат придонес на бруто личен доход, по стапка намалена за 50%, а заради подобрување на материјалната основа.

Член 4

Сите организации од областа на културата, техничката култура и информативната дејност се ослободуваат од плаќање придонес за култура на исплатените бруто лични доходи.

Член 5

Граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување на земјоделска и занаетчиска дејност, ќе плаќаат придонес за културата и тоа:

— земјоделска дејност 2% на катастарскиот доход;

— занаетчиска дејност 3% на остварениот доход.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-19
17 март 1989 година
Кавадарци

Претседател,
Р. Тасева, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — КАВАДАРЦИ

**124.**

Врз основа на член 27 од Законот за СИЗ на физичката култура, член 21 точка 5 од Статутот на ОСИЗ на физичката култура и Основите на политиката за финансирање на општите општествените и заедничките потреби на општината — Кавадарци во 1989 година, Собранието на заедницата на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Сите ОЗТ од областа на стопанството за финансирање развојот на физичката култура во 1989 година ќе плаќаат придонес од доход, по стапка од 0,10%.

ООЗТ „Сопотско поле“ — Сопот и ООЗТ „Доно Попов“ — Конопиште при АК „Тиквеш“ — Кавадарци се ослободуваат целосно од плаќање придонес за развојот на физичката култура во 1989 година.

Член 2

Сите корисници на општествени средства кои не подлежат на формирање на доход, како и работни единици, продавници и претставништва со седиште надвор од општината — Кавадарци, ќе плаќаат придонес на бруто личен доход, по стапка од 0,80%.

Сите организации од областа на образованието и воспитувањето, згрижувањето на децата, органите на Управата и организациите што се финансираат од буџетот, ќе плаќаат придонес на БЛД по намалена стапка за 50%, а заради подобрување на материјалната основа.

Член 3

Граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување земјоделска дејност, ќе плаќаат придонес за развојот на физичката култура, по стапка од 0,70% на катастарскиот доход во 1989 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-21
15 март 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Јордан Голчев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**125.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, на седницата одржана на 16 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1989 година.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 1 стапката на придонесот од доходот на ОЗТ од 1% се намалува на 0,60%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-18
16 март 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Павлина Стефанова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

**126.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 167 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен („Службен гласник на општината Ресен“ бр. 9/84), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, на седницата одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА — РЕСЕН ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се утврдува на 9% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 5,6%;

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и други примања од здравствена заштита 3,4%;

— придонесот за несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,3%.

Основицата за пресметување претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход бруто личните доходи и други примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа по стапка од 1% на исплатениот надоместок.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (деташирани работници) се одредува во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови за здравствена заштита се распоредува сразмерно на стапката утврдена по член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на пензионерите СИЗ на ПИОМ го плаќа по стапка што одговара на нето стапката на бруто стапката на член 1 од оваа одлука.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставува вкупно исплатените пензиски примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат обврзниците на начин утврден со закон, статут и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 02-73/1 од 29 декември 1987 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-126/1
28 декември 1988 година
Ресен

Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.
Собор на корисниците на услуги
работници
Претседател,
**Владимир Ангеловски,** с. р.
Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Јордан Проевски,** с. р.

---

## О Б Ј А В И

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ" бр. 18/87), Координациониот одбор

### О Б Ј А В У В А

измена на планираниот елемент за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход за периодот јануари-март 1989 година, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 1/89

1. Во точката 1, износот „681.200" динари (просечен месечен пресметан чист личен доход по работник, без средствата за непосредна заедничка потрошувачка) се заменува со износот „790.420" динари.

Претседавач,
Координационен одбор
**Мемед Нурединоски,** с. р.

---

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнување на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ" број 18/87), Координациониот одбор

### О Б Ј А В У В А

измена на Објавата на елементите за примена на мерилата за распоредување чистиот доход, објавена во „Службен весник на СРМ" број 28 од 8 јули 1987 година

1. Се менува точката 3 од Објавата на Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за распределбата на доходот во СРМ, објавена во „Службен весник на СРМ" број 28/87 и гласи:

„Просечниот коефициент на сложеноста на трудот во стопанството на СР Македонија изнесува 1,59".

„Коефициентите на сложеност на трудот по подгрупи изнесуваат:

| Шифра | Назив на дејноста | Коефициенти |
|---|---|---|
| 010101 | Хидроелектрани | 1,71 |
| 010102 | Термоелектрани | 1,75 |
| 010104 | Пренос на електрична енергија | 1,85 |
| 010105 | Дистрибуција на електрична енергија | 1,74 |
| 010203 | Производство на лигнит | 1,66 |
| 010500 | Производство на наф. деривати | 1,81 |
| 010600 | Производство на железна руда | 1,74 |
| 010711 | Производство на железо | 1,72 |
| 010712 | Производство на челик | 1,66 |
| 010713 | Производство на валан челик | 1,73 |
| 010720 | Производство на феролегури | 1,67 |
| 010810 | Производство на бакарна руда | 1,73 |
| 010820 | Произ. на оловна и цинкова руда | 1,45 |
| 010890 | Произ. на други руди од метали | 1,41 |
| 010930 | Производство на цинк | 1,66 |
| 011010 | Преработка на алуминиум | 1,64 |
| 011091 | Преработка на бакар | 1,73 |
| 011113 | Производство на кварцен песок | 1,49 |
| 011119 | Производство на др. неметали | 1,46 |
| 011212 | Производство на амбал. стакло | 1,45 |
| 011219 | Производство на друго стакло | 1,55 |
| 011220 | Произв. на огноот. материјал | 1,55 |
| 011231 | Произ. на порцелан за домаќин. | 1,61 |
| 011232 | Произ. на техничка керамика | 1,66 |
| 011299 | Прераб. на други неметали | 1,60 |
| 011311 | Произв. на лиени производи | 1,67 |
| 011312 | Произв. на инсталац. материјал | 1,63 |
| 011313 | Производство на алати | 1,78 |
| 011314 | Произв. на метална амбалажа | 1,63 |
| 011315 | Производство на жичана стока | 1,60 |
| 011319 | Произ. на ост. метални матери. | 1,72 |
| 011320 | Произ. на метални конструкции | 1,65 |
| 011390 | Произ. на др. метални произв. | 1,54 |
| 011412 | Произ. на маш. за градежништво | 1,59 |
| 011413 | Произ. на маш. за обраб. на мет. | 1,89 |
| 011419 | Производство на други машини | 1,72 |
| 011511 | Производство на шински возила | 1,89 |
| 011512 | Поправка на шински возила | 1,59 |
| 011522 | Производство на камиони | 1,65 |
| 011527 | Производство на делови за воз. | 1,67 |
| 011710 | Произ. на електрични машини | 1,66 |
| 011721 | Произ. на дел. за електрон. апар. | 1,63 |
| 011723 | Произ. на комуникациони уреди | 1,83 |
| 011724 | Произ. на мерна опрема | 1,75 |
| 011729 | Произ. на други елек. апарати | 2,14 |
| 011730 | Производство на кабли | 1,66 |
| 011742 | Произ. на разладни апарати | 1,46 |
| 011792 | Производство на сијалици | 1,61 |
| 011793 | Производство на акумулатори | 1,67 |
| 011799 | Произ. на неспом. ел. производи | 1,48 |
| 011810 | Производство на хемикалии | 1,71 |
| 011820 | Произ. на хемик. за земјоделие | 1,69 |
| 011831 | Произ. на хемиски влакна | 1,72 |
| 011832 | Произ. на пластични маси | 1,72 |
| 011910 | Производство на лекови | 1,84 |
| 011920 | Произ. на сапун и козметика | 1,62 |
| 011941 | Произ. на амбал. од пласт. маси | 1,63 |
| 011949 | Прераб. на други пласт. маси | 1,71 |
| 011990 | Произ. на други хем. производи | 1,87 |
| 012001 | Производство на камен | 1,49 |
| 012002 | Производство на песок | 1,49 |
| 012111 | Производство на вар | 1,53 |
| 012112 | Производство на гипс | 1,50 |
| 012120 | Произ. на цемент | 1,59 |
| 012130 | Произ. на тули и црепови | 1,42 |
| 012142 | Произ. на префабрикати | 1,48 |
| 012143 | Произ. на битумен производи | 1,59 |
| 012201 | Произ. на бичена граѓа | 1,44 |
| 012202 | Произ. на плочи | 1,49 |
| 012310 | Производство на намештај | 1,54 |
| 012321 | Производство на амбалажа | 1,39 |
| 012322 | Производ. на градежни елементи | 1,60 |
| 012323 | Произ. на дрвна галантерија | 1,60 |
| 012410 | Произ. на целулоза и хартија | 1,52 |
| 012421 | Произ. на амбалажа од хартија | 1,59 |
| 012429 | Останата преработ. на хартија | 1,56 |
| 012512 | Произ. на памучно предиво | 1,55 |
| 012513 | Произ. на волнено предиво | 1,49 |
| 012521 | Произ. на памучни ткаенини | 1,56 |
| 012522 | Произ. на волнени ткаенини | 1,49 |
| 012523 | Произ. на конопни ткаенини | 1,51 |
| 012524 | Произ. на свилени ткаенини | 1,55 |
| 012611 | Произ. на трикот. ткаенини | 1,57 |
| 012612 | Произ. на трикот. долна облека | 1,61 |
| 012613 | Произ. на трикотажна облека | 1,54 |
| 012615 | Произ. на позамантерија | 1,63 |
| 012621 | Произ. на долна облека | 1,37 |
| 012622 | Произ. на облека | 1,46 |
| 012623 | Произ. преслека за домаќинст. | 1,45 |
| 012624 | Произ. на тешка конфекција | 1,71 |
| 012691 | Произ. на прекривачи за под | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| 012699 | Произ. на несп. тек. производи | 1,43 |
| 012701 | Произ. на крупна кожа | 1,54 |
| 012703 | Произ. на ситна кожа и крзно | 1,58 |
| 012810 | Произ. на кожни обувки | 1,44 |
| 012830 | Произ. на кожна конфекција | 1,56 |
| 012909 | Друга преработка на каучук | 1,58 |
| 013010 | Мелење на житарици | 1,56 |
| 013021 | Произ. на леб и печиво | 1,61 |
| 013022 | Произ. на тестенини | 1,52 |
| 013030 | Прераб. на овошје и зеленчук | 1,57 |
| 013041 | Колење на стока | 1,49 |
| 013042 | Преработка на месо | 1,65 |
| 013050 | Преработка на млеко | 1,43 |
| 013060 | Производство на шеќер | 1,60 |
| 013071 | Произ. на какао производи | 1,47 |
| 013072 | Произ. на бонбони | 1,43 |
| 013073 | Производство на кекси | 1,40 |
| 013080 | Произ. на билно масло | 1,56 |
| 013099 | Произ. на други прехр. произ. | 1,60 |
| 013112 | Производство на пиво | 1,64 |
| 013113 | Производство на вино | 1,47 |
| 013114 | Произ. на вински дестилати | 1,57 |
| 013121 | Произ. на освежителни пијалоци | 1,59 |
| 013122 | Произ. на минерална вода | 1,41 |
| 013200 | Произ. на сточна храна | 1,65 |
| 013310 | Произ. на ферментиран тутун | 1,54 |
| 013320 | Преработка на тутун | 1,52 |
| 013400 | Графичка дејност | 1,64 |
| 013500 | Собир. и обраб. на инд. хартија | 1,50 |
| 013904 | Производство на накит | 1,71 |
| 020110 | Поледелство | 1,46 |
| 020121 | Овоштарство | 1,45 |
| 020129 | Овоштен саден материјал | 1,22 |
| 020130 | Лозарство | 1,43 |
| 020140 | Сточарство | 1,41 |
| 020201 | Услуги за растит. производ | 1,64 |
| 020202 | Услуги за сточарство | 1,77 |
| 020302 | Рибарство на реки | 1,50 |
| 030001 | Одгледување на шуми | 1,45 |
| 030003 | Искористување на шуми | 1,47 |
| 040001 | Искористување на вода | 1,51 |
| 040002 | Заштита од штет. дејс. на вода | 1,49 |
| 050100 | Високоградба | 1,50 |
| 050201 | Изградба на сообр. објекти | 1,51 |
| 050202 | Хидроградба | 1,58 |
| 050209 | Изгр. на др. објек. на ниског. | 1,52 |
| 050301 | Градежни инсталации | 1,65 |
| 050302 | Завршни и занаетчиски работи | 1,54 |
| 060101 | Превоз во железн. сообр. | 1,69 |
| 060102 | Влеча на возови | 1,65 |
| 060104 | Одржување на пруги | 1,49 |
| 060105 | Одржување на уреди | 1,87 |
| 060401 | Превоз во воздушен сообраќај | 2,26 |
| 060402 | Услуги на аеродроми | 1,73 |
| 060501 | Превоз на патн. во друм. сообраќај | 1,68 |
| 060502 | Превоз на стоки во др. сообр. | 1,65 |
| 060503 | Услуги во друм. сообраќај | 1,52 |
| 060601 | Превоз на пат. во град. сообраќај | 1,84 |
| 060609 | Превоз на пат. со др. сооб. сред. | 1,66 |
| 060803 | Претов. услуги во железн. станици | 1,43 |
| 060900 | ПТТ услуги | 1,66 |
| 070111 | Трговија на мало со леб | 1,66 |
| 070112 | Трг. на мало со зелен. и овошје | 1,64 |
| 070113 | Трг. на мало со месо и риба | 1,64 |
| 070114 | Трг. на мало со живот. продукти | 1,61 |
| 070121 | Трг. на мало со текстил | 1,66 |
| 070122 | Трг. на мало со кожа и гума | 1,68 |
| 070123 | Трг. на мало со метални стоки | 1,75 |
| 070124 | Трг. на мало со огрев | 1,64 |
| 070125 | Трг. на мало со намештај | 1,62 |
| 070127 | Трг. на мало со бои и хемик. | 1,69 |
| 070128 | Трг. на мало со книги | 1,63 |
| 070129 | Трг. на мало со др. производи | 1,64 |
| 070131 | Стоковни куќи | 1,71 |
| 070132 | Трг. на мало со др. меш. стока | 1,61 |
| 070140 | Трг. на мало со возила | 1,73 |
| 070150 | Трг. на мало со наф. деривати | 1,66 |
| 070211 | Трг. на големо со житарици | 1,70 |
| 070212 | Трг. на големо со зел. и овош. | 1,69 |
| 070213 | Трг. на гол. со алкох. пијал. | 1,44 |

| | | |
|---|---|---|
| 070214 | Трг. на гол. со добит. и жив. | 1,63 |
| 070219 | Трговија на гол. со жив. продук. | 1,62 |
| 070221 | Трг. на големо со текстил | 1,85 |
| 070222 | Трг. на големо со сур. кожа | 1,79 |
| 070223 | Трг. на големо со мет. стоки | 1,88 |
| 070224 | Тргов. на големо со градеж. материјал | 1,75 |
| 070225 | Тргов. на гол. со хемис. производи | 2,02 |
| 070226 | Тргов. на гол. со хартија | 1,73 |
| 070227 | Тргов. на гол. со лекови | 1,95 |
| 070229 | Трговија на гол. со др. непрех. произв. | 1,73 |
| 070230 | Трг. на големо со воз. и делови | 1,69 |
| 070240 | Трг. на големо со нафт. деривати | 1,73 |
| 070250 | Трг. на големо со мешов. стока | 1,72 |
| 070260 | Тргов. на гол. со инд. отпадоци | 1,47 |
| 070310 | Надвор. трг. со прехранб. производи | 2,08 |
| 070320 | Надв. трг. со непрехр. производи | 2,10 |
| 080111 | Хотели, мотели — сезонски | 1,61 |
| 080112 | Хотели, мотели со целогод. работа | 1,55 |
| 080113 | Одмаралишта | 1,64 |
| 080119 | Други усл. на сместување | 1,58 |
| 080121 | Ресторани со услужување | 1,53 |
| 080122 | Ресторани со самопослужување | 1,47 |
| 080123 | Ресторани на општеств. исхрана | 1,43 |
| 080129 | Други услуги на исхрана | 1,64 |
| 080190 | Други угостит. услуги | 1,49 |
| 080201 | Туристички агенции | 1,82 |
| 080202 | Туристички бироа | 1,68 |
| 090121 | Поправка на друм. возила | 1,66 |
| 090123 | Израб. на метал. производи | 1,52 |
| 090124 | Услуги на металопрераб. занает. | 1,64 |
| 090129 | Други услуги на металопрераб. занает. | 1,71 |
| 090131 | Поправка на елек. апар. за домаќин. | 1,65 |
| 090132 | Поправка на рад. и ТВ апарати | 1,81 |
| 090133 | Израб. на електр. техн. произв. | 1,71 |
| 090139 | Поправ. на др. елект. апарати | 1,77 |
| 090140 | Израб. на пред. од дрво | 1,65 |
| 090150 | Израб. на пред. од текстил | 1,41 |
| 090160 | Израб. на пред. од кожа | 1,60 |
| 090171 | Израб. на леб и печиво | 1,45 |
| 090172 | Колење на доб. и прераб. на месо | 1,35 |
| 090179 | Израб. на др. прехранб. произв. | 1,58 |
| 090181 | Израб. на пред. од пласт. маси | 1,51 |
| 090182 | Израб. на ортоп. помагала | 1,72 |
| 090201 | Берб. и козм. услуги | 1,65 |
| 090202 | Перење и чистење на облека | 1,46 |
| 090209 | Други лични услуги | 1,78 |
| 100101 | Уредув. на град. земј. | 1,39 |
| 100102 | Уред. и одрж. на улици | 1,60 |
| 100103 | Уред. на зел. површини | 1,52 |
| 100310 | Произв. и дистр. на вода | 1,54 |
| 100320 | Одведув. на отпадни води | 2,28 |
| 100330 | Произв. и дистриб. на гас | 1,73 |
| 100340 | Произв. и дистриб. на топлина | 1,69 |
| 100351 | Чистење на јавни површини | 1,43 |
| 100352 | Изнесув. на отпадоци | 1,38 |
| 100390 | Други комун. дејности | 1,42 |
| 100391 | Оџачарс. услуги | 1,50 |
| 100392 | Погребни услуги | 1,42 |
| 100399 | Др. неспом. ком. услуги | 1,29 |
| 110102 | Интерни банки | 1,91 |
| 110103 | Деловни банки | 1,90 |
| 110104 | Здружени банки | 2,10 |
| 110109 | Други банки | 1,84 |
| 110201 | Осигурување | 2,02 |
| 110202 | Лотарија и кладилници | 1,76 |
| 110301 | Јавни склад. и пазаришта | 1,46 |
| 110302 | Услуги на реклама | 1,81 |
| 110303 | Комерц. раб. за ост. на промет | 1,98 |
| 110304 | Пазари | 1,66 |
| 110309 | Неспом. услуги во промет | 1,83 |
| 110401 | Просторно планирање | 2,25 |
| 110402 | Проектирање на градежни објекти | 2,19 |
| 110403 | Друго проектирање | 2,17 |
| 110404 | Инженеринг | 2,05 |
| 110405 | Премерување на земјиште | 1,84 |
| 110406 | Испитување на материјали | 2,00 |
| 110500 | Геолошки истражувања | 1,65 |
| 110611 | Истражување во стопанството | 2,24 |
| 110612 | Истр. во општес. дејности | 2,69 |
| 110620 | Економски услуги | 2,15 |

| | | |
|---|---|---|
| 110901 | Услуг. на контрола на квалитет | 1,91 |
| 110902 | Приредување на саеми | 1,94 |
| 110903 | Книговодствени услуги | 1,93 |
| 110904 | Правни и адвокатски услуги | 2,12 |
| 110905 | Услуги во А. О. П. | 2,33 |
| 120111 | Основ. образ. од општ. тип | 2,04 |
| 120112 | Основ. специј. образование | 2,20 |
| 120113 | Основ. посебно образование | 2,18 |
| 120122 | Средно насочено образование | 2,52 |
| 120134 | Земјоделски и шумарски школи | 2,63 |
| 120135 | Педагошки школи | 2,59 |
| 120141 | Природно-математички факултет | 2,78 |
| 120142 | Технички факултети | 2,78 |
| 120143 | Медицински факултети | 2,25 |
| 120144 | Земј. и шумарски факултети | 2,17 |
| 120145 | Факул. за општес. науки | 2,91 |
| 120146 | Уметнички академии | 2,53 |
| 120147 | Факул. за физич. култура | 3,15 |
| 120190 | Друго образование | 2,14 |
| 120201 | Природно-математички науки | 2,25 |
| 120202 | Технички науки | 2,41 |
| 120203 | Земјоделски науки | 2,18 |
| 120205 | Општествени науки | 2,69 |
| 120206 | Хуманистички науки | 2,70 |
| 120207 | Дејн. на акад. на науки | 2,00 |
| 120209 | Помошни научни дејности | 2,42 |
| 120311 | Издавачка дејност | 1,93 |
| 120312 | Новинско издавачка дејн. | 2,14 |
| 120321 | Музеи, галерии, збирки | 2,21 |
| 120322 | Библиотеки | 2,03 |
| 120323 | Архиви | 2,28 |
| 120324 | Заштита на културни добра | 1,97 |
| 120331 | Културно-образ. дејн. | 1,97 |
| 120332 | Дејнос. срод. на култ. образ. деј. | 1,62 |
| 120341 | Сценско-музички дејности | 1,92 |
| 120349 | Други уметнички дејности | 2,27 |
| 120350 | Радио и телевизија | 1,97 |
| 120361 | Снимање на филмови | 1,86 |
| 120363 | Дистрибуција на филмови | 1,76 |
| 120364 | Прикажување на филмови | 1,63 |
| 120410 | Професионален спорт | 1,62 |
| 120420 | Аматерски спорт | 1,84 |
| 130111 | Превентивна заштита | 2,06 |
| 130120 | Амбулантно-поликлин. заштита | 1,98 |
| 130131 | Стационарна заштита | 1,87 |
| 130132 | Медицинска рехабилитација | 1,75 |
| 130140 | Стомат. здравс. заштита | 2,17 |
| 130151 | Трансфузија на крв | 1,89 |
| 130160 | Аптеки | 2,01 |
| 130211 | Установи за дневен престој | 1,77 |
| 130212 | Домови на ученици и студенти | 1,76 |
| 130221 | Заштита на загрозени деца | 1,75 |
| 130222 | Заштита на деца со преч. во раз. | 1,77 |
| 130231 | Заштита на норм. возр. лица | 1,59 |
| 130232 | Заштита на дефект. возр. лица | 1,50 |
| 130240 | Социјална работа | 2,11 |
| 140112 | Собранија и органи на република | 2,32 |
| 140114 | Собранија и органи на градови | 1,96 |
| 140115 | Собранија и органи на општини | 2,48 |
| 140116 | Органи на месни заедници | 1,62 |
| 140121 | Сојузни органи на управата | 2,12 |
| 140122 | Републички органи на управата | 2,24 |
| 140124 | Градски органи на управата | 2,05 |
| 140125 | Општински органи на управа | 1,93 |
| 140131 | Редовни судови | 2,02 |
| 140132 | Самоуправни судови | 2,22 |
| 140133 | Јавни обвинителства | 2,40 |
| 140134 | Јавни правобранителства | 2,32 |
| 140140 | Служба на општествено книгов. | 2,06 |
| 140150 | Општествен правоб. на самоуп. | 2,43 |
| 140160 | Народни банки | 2,09 |
| 140213 | СИЗ во областа на сообраќај | 1,96 |
| 140219 | СИЗ во други произ. дејности | 2,01 |
| 140221 | СИЗ за домување | 2,00 |
| 140222 | СИЗ за деловен простор | 1,64 |
| 140229 | Други СИЗ од ком. дејности | 2,06 |
| 140231 | СИЗ за образование | 1,93 |
| 140232 | СИЗ за наука | 2,42 |
| 140233 | СИЗ за култура | 2,06 |
| 140234 | СИЗ за физичка култура | 1,90 |
| 140235 | СИЗ за социјална заштита | 2,04 |
| 140236 | СИЗ за вработување | 2,07 |
| 140237 | СИЗ за здравство | 1,99 |
| 140238 | СИЗ за пензиско осигурување | 2,23 |
| 140239 | Други СИЗ од опш. дејности | 1,85 |
| 140291 | Неспомнати СИЗ | 1,56 |
| 140292 | Општествени фондови | 2,52 |
| 140311 | Стопански комори | 2,40 |
| 140312 | Други општи здруженија | 2,23 |
| 140320 | Посебни здруженија | 2,18 |
| 140411 | Сојуз на комунистите | 2,09 |
| 140412 | Социјалистички соj. на раб. народ | 1,98 |
| 140413 | Синдикати | 2,11 |
| 140414 | Социјалистичка младина | 1,86 |
| 140415 | Здружение на борци од НОБ | 1,97 |
| 140421 | Социјал. хуман. организации | 1,83 |
| 140422 | Орган. за технич. култура | 1,81 |
| 140423 | Професионални организации | 1,70 |
| 140429 | Други општествени организации | 1,89 |

Координационен одбор
Претседавач,
**Мемед Нурединоски,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна


144. Закон за дополнување на Законот за јавното обвинителство — — — — — — 213
145. Закон за изменување и дополнување на Законот за цивилните инвалиди од војната 213
146. Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставките и предлозите — — — — — — — 214
147. Одлука за помилување на осудени лица 215
148. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на членовите на Советот за народна одбрана на Претседателството на СР Македонија и за нивното именување — — — — — — — — 215
149. Одлука за формирање заедничка комисија на трите собори на Собранието на СРМ за проучување на прашањата во врска со остварувањето на самоуправните права, обврски и одговорности на работниците во организациите на здружениот труд — 216
150. Одлука за формирање заедничка комисија на трите собори на Собранието на СРМ за проучување на прашањата за одразот на измените во политичкиот и стопанскиот систем врз натамошното функционирање на делегатскиот систем и работата на Собранието на СРМ и собранијата на општините — — — — — — 216
151. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за општествен надзор 217
152. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за внатрешна политика 217
153. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1989 година — 218
154. Одлука за потврдување на Завршната сметка на Народната банка на Македонија за 1988 година — — — — — — — — 218
155. Одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1989 година — — — — — — — 218
156. Одлука за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ 219
157. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Собирот на работните луѓе на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Милановиќ Ранка“ — Скопје — — — — — — — — — 219

158. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" — Скопје — — — — 220
159. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности — — — — — — — — — 220
160. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Економскиот институт — Скопје 220
161. Одлука за именување членови во Комисијата за именување директор на Педагошката академија во Битола — — — 220
162. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за ортопедија и трауматологија — Охрид — — — — 221
163. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за душевни болести — Демир Хисар — — — — — 221
164. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас — Скопје — — — 221
165. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Болницата за белодробна туберкулоза — Јасеново — Титов Велес 221
166. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола — — — — — — — — — — 222
167. Одлука за разрешување и избор на претседател на Одборот за општествено-политички систем на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — — 222
168. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Кинотеката на СР Македонија — — 222
169. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Советот на Вишата медицинска школа во Битола — 222
170. Одлука за именување членови на Комисијата за именување декан на Економскиот факултет во Скопје — — — — — — 223
171. Одлука за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — 223
172. Одлука за избор на претседател и членови на Одборот за општествено-економски односи, развојна политика, финансирање и буџет на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ — — 224
173. Одлука за разрешување и избор на член на Мандатно-имунитетната комисија на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ — — — — — — — 224
174. Заклучоци на Собранието на СРМ, бр. 08-180/1 — — — — — — — — — — 224
175. Одлука за користење на средства од Посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард — — — — — — — — — 226
176. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 226
177. Одлука за користење на средствата на Републичкиот буџет за 1989 година — 227

**Републички фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта**

178. Одлука за утврдување на дефинитивниот годишен износ на средства од задолжителниот заем на стопанството на СР Македонија за 1987 година — — — — — 227
179. Одлука за валоризација на аконтацијата за задолжителниот заем на стопанството на СР Македонија за 1988 година — — 227
180. Одлука за утврдување на аконтацијата на задолжителниот заем на стопанството на СР Македонија за 1989 година — — — 228
181. Одлука за утврдување на обемот, намените и начинот на користење на дел од средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружен труд од стопански недоволно развиените краишта во 1989 година — — — — 228
182. Одлука за користење на средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во создавањето на инфраструктурни и други услови за развој во 1989 година — — — — — — 229

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

122. Одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување во 1989 година — — — 231

КАВАДАРЦИ

123. Одлука за утврдување висината на стапките на придонеси за финансирање на културата во 1989 година — — — — 231
124. Одлука за утврдување висината на стапките на придонеси за финансирање на физичката култура во 1989 година — — 232

РАДОВИШ

125. Одлука за измена на Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1989 година — — — — — 232

РЕСЕН

126. Одлука за стапката на придонесот за здравствена заштита и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на корисниците — работници од општината Ресен за 1989 година — — — — — — — — — — 232
**Објава** за измена на планираниот елемент за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход за периодот јануари-март 1989 година — — — — 234
**Објава** за измена на Објавата на елементите за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход — — — — 234

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**